# ПРОГРАМА НА НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА 2017 ГОДИНА

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 21/98 и 18/07) во 2017 година неработни денови се:

## За сите граѓани на РМ

1 јануари (недела), Нова Година, односно 2 јануари (понеделник) е неработен ден; 7 јануари (сабота), Божик, првиот ден на Божик според православниот календар; 17 април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар; 1 мај (понеделник), Ден на трудот; 24 мај (среда) "Св. Кирил и Методиј" Ден на сесловенските просветители; 25 јуни (недела), Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам, односно 26 јуни (понеделник) е неработен ден; 2 август (среда), Ден на Републиката; 8 септември (петок), Ден на независноста; 11 октомври (среда), Ден на народното востание, 23 октомври (понеделник), Ден на Македонската Револуционерна Борба; 8 декември (петок), "Св. Климент Охридски"

## За граѓаните од православна вероисповед

6 јануари (петок), Бадник, ден пред Божик; 19 јануари (четврток), Богојавление (Водици); 14 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден; 2 јуни (петок), Духовден, петок пред Духовден; 28 август (понеделник), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

## За граѓаните од католичка вероисповед

17 април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден; 1 ноември (среда), Празникот на сите светци; 25 декември (понеделник), првиот ден на Божик

## За граѓаните од муслиманска вероисповед

1 септември (петок), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам

## За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ

22 ноември (среда), Ден на Албанската азбука

## За граѓаните припадници на српската заедница во РМ

27 јануари (петок), Свети Сава

## За граѓаните припадници на ромската заедница во РМ

8 април (сабота), Меѓународен ден на Ромите

## За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ

23 мај (вторник), Национален ден на Власите

## За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ

30 септември (сабота), Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур

## За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ

28 септември (четврток), Меѓународен ден на Бошњаците

## За граѓаните припадници на турската заедница во РМ

21 декември (четврток), Ден на настава на турски јазик